# Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј

За работата на овластениот градежен испектор
на општина Гевгелија во 2020 година

Овластениот градежен инспектор врши инспекциски надзор над примената на Законот за градење и прописите донесени врз основа на овој закон. Тоа подразбира вршење инспекциски надзор над градби од локално значење кои во Законот за градење се дефинирани како градби од втора категорија.

Согласно законската регулатива инспекцискиот надзор што го врши овластениот градежен инспектор опфаќа теренско и канцелариско работење. Теренското работење се однесува на инспекциски надзор на градбите што се градат со одобрение за градење или се градат бесправно. Основ за поведување на инспекциска постапка е: - бесправната градба, односно градба која се гради без одобрение за градење, и
- градба која се гради спротивно на одобрението за градење и одобрениот основен проект.

Канцелариското работење ја опфаќа контролата на управните акти (одобренија за градење) издадени врз основа на Законот за градење од надлежното одделение на општина Гевгелија.

Во извештајниот период овластениот градежен инспектор има изработено: 36 записника, а по констатираните неправилности донесени се 3 решенија за отстранување на градба. Исто така на триесетина примени барања или претставки од физички лица, има извршено увид на лице место и за констатираната фактичка состојба има доставено одговори на истите.

Со договор за меѓуопштинска соработка од јуни 2020 година, вработената е назначена да извршува работни задачи од обласа на градежната инспекција на територијата на општина Богданци.

Со овластување на Градоначалникот вработената работи на предмети за легализација на бесправни објекти и во тековната година има изработено: 5 урбанистички согласности, 6 решенија за утврдување на правен статус на бесправен објект, 13 заклучоци и неколку одлуки до Советот на општина Гевгелија за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација.

Вработената е член на комисијата за располагање со државно градежно земјиште и во текот на 2020 година има учествувано во изработката на 26 записници од увид на лице место на градежните парцели сопственост на РСМ кои се предмет на отуѓување (по пат на јавно наддавање или со непосредна спогодба).

Како член на работното тело за именување на улици во градот и 5 -те населени места во општината за кои се донесени одлуки, вработената е вклучена во делот од постапката кој се однесува на нумерирањето на објектите во урбаните блокови за кои се донесени одлуките на Совет на општина Гевгелија, па на барање од надлежниот орган во општината, ги утврдува и ги доставува за понатамошна постапка куќните броеви, и во 2020 година има доставено околу 200 броеви.

За потребите на Државниот завод за статистика преку спроведување на статистички истражувања, 15 години наназад вработената ги изработува: годишниот извештај за урнати згради и станови, и годишниот извештај за бесправно изградени објекти за изминатата година.

Овластен градежен инспектор

Л. Картова д.и.а. ___________________